ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 80**

Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во декември 2022 г.

10

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 2

- Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: 2

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 8

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 0

- Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: 0

**кај 2 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**8 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МЕ | 2 | 1 | 50% |
| МФ | 5 | 4 | 80% |
| МТСП | 2 | 2 | 100% |
| МВР | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 10 | 8 | 80% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) е финансиран од Европската Унија. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на декември 2022 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*). Дополнително, известуваме за нивото на коментирање од граѓаните и граѓанските организации за предлог-законите ставени на ЕНЕР и објавените одговори од надлежните институции на ЕНЕР.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 декември 2022 г., до Собранието беа поднесени вкупно 24 предлози на закон, од кои за 10 постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 10 предлог-закони, два се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста. Останатите 14 предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи седум предлог-закони се предложени од групи на пратеници, шест се ратификации и еден е за гаранција на државата. Во декември до Собранието е доставена и една граѓанска иницијатива.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, предложен од **Министерство за финансии,** Предлог на закон за задруги, предложен од **Министерство за економија.** За овие два предлог закони има три коментари/сугестии од граѓани или други правни лица ставени на ЕНЕР во зададениот рок за коментирање но нема одговор од надлежните институции ставено на ЕНЕР. Министерството за економија имаат само ставено одговор дека предлогот дополнително ќе биде разгледан.

Предлог-законите за кои има обврска а не се ставени на ЕНЕР за консултации се: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, по скратена постапка, Предлог закон за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии,** Предлог на закон за изменување на законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка, Предлог на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка, предложени од **Министерство за труд и социјална политика,** Предлог на закон за дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони, по скратена постапка, предложен од **Министерство за економија,** Предлог на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, по скратена постапка, предложен од **Министерство за внатрешни работи.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се од значење за граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог на Закон за задруги**

## Предлог на Закон за задруги

Целта на предлог-закон е донесување на нов, современ концепт на закон кој ќе ги опфаќа сите видови на задруги, а преку овие одредби ќе се зголемат бенефитите како за членовите на задругите така и за корисниците на активностите кои ќе произлезат од работата на задругите. Потребата за донесување на нов текст на предлогот на законот за задруги се појавува заради престанување со важност на Законот за земјоделски задруги. Дел од одредбите од Законот за земјоделските задруги се преточени во предлог на законот за задруги.

Според законот задругата е здружение на физички и/или на правни лица, кои доброволно се здружуваат заради остварување на економски, социјални, културни и други интереси, заеднички поседувано и демократски управувано. Според дејноста, видот на задругата може да биде: земјоделска, станбена, работничка, занаетчиска, младинска, градежна, енергетска и други видови на задруги. Задругата се стекнува со својство на правно лице со упис во Регистарот на други правни лица во Централниот регистар. Согласно на член 5 од предлог законот работата на задругата се заснова на придржување на нејзините членови кон добрите деловни правила како и согласно следните принципи: а) доброволно и отворено членство, б) демократска контрола од страна на членовите, в) совесно, чесно и одговорно штитење и чување на интересите на задругата, г) економско учество на членовите, д) независност, ѓ) образование, обука и информации, е) соработка меѓу задругите и ж) грижа за заедницата.

За основање на задруга потребни се најмалку пет физички и/или правни лица. Задругата се основа на основачко собрание каде се донесува статутот и се избираат органите на задругата.

Барањето за упис во Регистарот ги содржи имињата на сите членови на Управниот одбор на задругата и имињата на лицата кои ќе ја застапуваат како и дејноста за која се основа задругата. Барањето за упис во Регистарот мора да биде потпишано од сите членови на Управниот одбор на задругата и мора да постои нотарска заверка на потписите. Кон барањето за упис во Регистарот треба да се приложи: записникот од основачкото собрание, статутот, извештајот на основачите за уплатените влогови, извештај за имотот на задругата и регистар на членовите на задругата. По уписот на задругата во Централниот регистар истата е должна решението за упис да го достави до Министерството за економија.

Според член 14 од предлог-законот членството во задругата е доброволно и слободно за сите кои ќе уплатат влог согласно Законот. Бројот на членовите во задругата е неограничен. Задругата води регистер на своите членови.

Согласно на член 24 од предлог-законот средствата за работа задругата ги обезбедува преку влогови, членарини, деловни активности, спонзорства, донации и друго.

Дел пет од предлог-законот ја дефинира организацијата на задругата, според кое органи на задругата се Собранието и Управниот одбор. Задругата може да има и орган на надзор доколку истото е утврдено во нејзиниот статут.

Во член 51 од предлог-законот е наведено дека заради остварување на своите заеднички економски, социјални, културни и други потреби задругите можат да формираат задружни сојузи, согласно Законот за здруженија и фондации.

Постојните задруги се должни да се организираат и да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. Овој закон влегува во сила од осмиот ден од денот на негово објавување во Службен весник.